РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-4645/7

31-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава на познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 99-та седница одржана на ден 26.01.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-4521/1 од 04.05.2022 година, оформен по наводи против поранешен и сегашен градоначалник на општина Гевгелија за незаконски донесена измена и дополнување на урбанистички план и за незаконско одобрение за градење издадено во 2019 година, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај постапиле други надлежни органи кои презеле дејствија од своја надлежност, а исто така по претходно поднесена кривична пријава за случајот се води постапка пред надлежно јавно обвинителство која е во фаза на преземање на истражни и други дејствија и во која се уште не е донесена јавно обвинителска одлука.

Предметот со број -4521/1 од 04.05.2022 да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 04.05.2022 година, поднесена е пријава заведена под број 12-4521/1 од 04.05.2022 година, по кој е оформен предмет со наводи против службени лица во Општина Гевгелија, поранешен и сегашен градоначалник на општината, за незаконски донесена измена и дополнување на урбанистички план и за незаконско издадено одобрение за градење во 2019 година на инвеститорот ДПТУ ------------------------------------------------, како и против службени лица од Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животна средина кои учествувале во донесувањето на Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за изградба на комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, дел од Блок 1, 3 и 7 , за плански период 2012 - 2022 година и Архитектонско урбанистичките проекти и издавањето на одобрението за градење.

Имено, предметната пријава ја поднесува Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам, врз основ на член 79 став 8) од Законот за инспекциски надзор (Сл. Весник на РМ бр. 102/19), против Општина Гевгелија- ----------------- - градоначалник на Општина Гевгелија во период 2013 - 2017 година за незаконски донесена Измена и дополнување на Урбанистички план вон населено место за мултинаменски комплекс на потег Гевгелија - граничен премин Богородица, дел од Блок 1, 3 и 7 , за плански период 2012 - 2022 година и Архитектонско урбанистички проекти за ГП 1.1 и ГП 1.2 врз основ на овој план и против -------------- - градоначалник на општина Гевгелија за незаконско издавање одобрение за градење бр. Уп.1 број:11-248 од 29.10.2019 година, кои со своето постапување на инвеститорот ДПТУ --------------------------------------------------- му се одобрува изградба на објект - бензинска пумпна станица со угостителски објект (Е2) на КП бр.3146/2, 3161/2, 3162/3, 3162/4, 3163/1, 3163/3 и КП бр.3732/6 КО Богородица на Граничен премин

Богородица - Гевгелија - општина Гевгелија. Со пријавата се опфатени и службените лица од Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животна средина кои учествувале во донесувањето на споменатите измена и дополнување на Урбанистички план, архитектонско урбанистички проекти за ГП 1.1 и ГП 1.2 и издавање одобрение за градење бр. ----------------- од 29.10.2019 година;

Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам ја доставува оваа пријава на запознавање и постапување на ДКСК поради нејзината надлежност која опфаќа покренување иницијати пред надлежните органи за поведување постапки за утврдување на одговорност на службени лица и покренување иницијативи за поведување постапка за кривично гонење. Поради тоа што се сомнева дека погоренаведените лица извршле пречекорување на своите службени овластувања и тоа:

- Со опфатот на горенаведениот урбанистичкиот план Општина Гевгелија бесправно има навлезено во заштитниот појас на автопатот AI (E75) Скопје-Солун при што ги надминала своите надлежности и прекрши повеќе законски одредби.

- Уставниот суд на ден 15.01.2020 година има донесено Одлука ---------------- со која е укината Одлуката за донесување на изменување и дополнување на Урбанистичкиот план вон населено место за мултинаменски стопански комплекс на потег Гевгелија - Граничен премин Богородица, дел од Блок 1, 3 и 7 Општина Гевгелија, со што недвосмислено е докажано дека целата постапката која ја водела Општина Гевгелија со крајна цел да издаде одобрение за градење на бензински пумпни станици во заштитната зона на автопатот AI (E75) е незаконска.

- Општина Гевгелија со незаконска постапка и овозможила на фирмата ------------------------------------------------- да добие одобрение за изградба на бензинска пумпна станица во заштитниот појас на автопатот и со ова прекршила голем број на законски одредби, селективно ја фаворизирала оваа фирма и спротивно на закон и против уставно ја ограничила слободата на пазарот и претприемништвото и еднаквата правна положба на субјектите на пазарот кои се основи на економските односи и претставуваат темелни вредности на уставниот поредок загарантирани со Уставот на Република Северна Македонија.

- Со издавање на оспореното Одобрение за градење бр. ------------------ од 29.10.2019 година Општина Гевгелија го прекршила Уставот на РСМ и повеќе законски одредби, како и одредби од Правилникот за техничките елементи за изградба и реконструкција на јавните патишта и на објектите на патот и одредби од Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање, Правилникот за технички прописи за изградба на станици за снабдување со гориво моторни возила и складирање и преточувања на горива. Законот за заштита и спасување и Правилникот за стандарди и нормативи за Урбанистичко планирање; при што извршиле кривични дела по Член 353 став (1), Член 353-в став (1) и Член 244-а став (4) од КЗ.

Во насока на утврдување на фактичката состојба ДКСК достави барања за прибирање на податоци со прилог документација, до општина Гевгелија и Министерство за транспорт и врски, а воедно побарани се информации по однос на надлежно постапување за случајот од ОЈО Скопје и од ОЈО Гевгелија.

По барањата на Државната комисија е постапено и доставени се бараните информации со прилог документација, а од увидот во истите ДКСК го констатира следното:

- Општина Гевгелија достави документација од постапката за издавање на одобрение за градба на инвеститорот ------------------------------------ од 29.10.2019 година, освен Основниот проект за Бензинска пумпна станица со угостителски објект Гевгелија, со тех. бр.363/16 од јануари 2017 година, изработен од ДПУ „------------" дооел Скопје и известува дека истата сеуште не била завршена, бидејќи следувало жалба на издаденото одобрение, за потоа постапките да продолжат и со пресуди од Управен суд, по кои постапувал второстепениот орган при Министерството за транспорт и врски, надлежен за постапување по жалби против управни акти издадени во постапка за издавање на одобрение за градби. Општина Гевгелија

како првостепен орган, согласно член 110 од Законот за општа управна постапка (Сл. Весник на РМ" бр.124/15) постапувала согласно напатствијата дадени од Второстепениот орган при Министерството за транспорт и врски Скопје.

- Министерството за транспорт и врски известува дека, согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ", бр.199 /14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), постапките за изработување, донесување и спроведување на урбанистичките планови од членот 7, точка 2, алинеа 1, 2, 3 и 4 на овој закон, се во надлежност на општините.

- Од страна на Министерство за транспорт и врски била издадена Согласност од 10.03.2011 на Предлог урбанистички план вон населено место за мултинаменски комплекс на потег Гевгелија-граничен премин "Богородица" Општина Гевгелија и Согласност од 31.01.2014 година за Измена и дополна на Предлог урбанистички план ван населено место за мултинаменски комплекс на потег Гевгелија-граничен премин "Богородица", дел од Блок 1, 2, 3 и 7.

- Во однос на Архитектонско урбанистичките проекти а согласно член 51 став (7) од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ", бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), архитектонско-урбанистичкиот проект во кој биле определени површините за градење на градби од втора категорија согласно Законот за градење и со кој се вршела разработка на урбанистички план за село, урбанистички план за вон населено место, локална урбанистичко планска документација и општ акт од член 84 на овој закон го одобрува градоначалникот на општината.

- Согласно член 57 став (2) и член 58 став (2) од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137 /13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39 /16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 244/19, 18/20 и 279 /20) постапката за издавање на одобрение за градење за градбите од втора категорија се во надлежност на градоначалникот на општината односно градоначалниците на општините во градот Скопје.

- Во врска со одобрението за градење --------------- од 29.10.2019 година со кое на инвеститорот ДПТУ ------------------------------------------------, му е одобрено изградба на објект - бензинска пумпна станица со угостителски објект (Е2) на ------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------- на Граничен премин Богородица - Гевгелија, општина Гевгелија, Министерството известува дека од страна на ДПТГ ---------------------------------------------------, преку полномошник адвокат ---------------------------------------, против истото била изјавена жалба и согласно Законот за градење и Законот за општа управна постапка, по што од овој орган како надлежен второстепен орган било донесено решение --------------------------------- од 15.06.2022 година, со кое одобрението за градење -------------- од 29.10.2019 година на Градоначалникот на општина Гевгелија е поништено и предметот бил вратен на првостепениот орган на повторна постапка.

- Предметната управната постапка во однос на поднесеното барање за одобрение за градење на инвеститорот ДПТУ ---------------------------------------------за изградба на објект - бензинска пумпна станица со угостителски објект (Е2) на Граничен премин Богородица , Гевгелија, општина Гевгелија сеуште не била правосилно завршена и сеуште се водела пред Министерството како и пред управните судови.

- Во Основното јавно обвинителство Скопје, не бил оформен предмет со податоци и содржина по однос на предметниот случај.

- Основното јавно обвинителство Гевгелија не извести дека постапува за предметниот случај по претходно поднесена кривична пријава до ОЈО за ГОКК,поднесена од правно лице ----------------------------------------------------, преку полномошник ------------------------------------, против повеќе лица за сторено кривично дело Бесправно градење од чл.244-а од КЗ, кривично дело Злоупотреба на службена положба и

овластување од чл.353 од КЗ, кривично дело Симнување или оштетување на службен печат или знак по чл.377 од КЗ и кривично дело Неизвршување на судска одлука од чл.377 од КЗ, заведена под ------------------ и е пратено на надлежно постапување на ОЈО Гевгелија на 22.11.2022 година и заведена под -------------.

По оваа поднесена кривична пријава од страна на ОЈО Гевгелија биле преземани истражни дејствија, се собираат писмени докази, а ќе се сослушаат и пријавените лица и претставник на оштетното правно лице, а по што од страна на ова надлежно обвинителство по што ќе биде донесена јавнообвинителска одлука.

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека по однос на барањата од Државниот испекторат за градежништво и урбанизам постапиле други надлежни органи кои презеле дејствија од своја надлежност, а во надлежно основно јавно обвинителство во тек е постапка за утврдување кривична одговорност така што ДКСК оцени дека нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:

- Подносителот на пријавата

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : К.Н. ,член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**